# РЕЦЕНЗИЈА

## НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД „СОСТОЈБАТА НА ХИГИЕНАТА ВО ОРАЛНАТА ПРАЗНИНА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ФИКСНИ И СО МОБИЛНИ ПРОТЕТСКИ ПОМАГАЛА"

## ОД Д-Р ФИЛИП ТАНТУРОВСКИ

## ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл.весник бр.35/08, 103/08,26/09,83/09,99/09,115/10,17/11,51/11,123/12,15/13 и 24/13), член 229 од Статусот на Универзитетот и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр.136/09,199/12, 262/13), Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата 17-та редовна седница одржана на 19.06.2014 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на магистерскиот труд од д-р Филип Тантуровски под наслов **Состојбата на хигиената во оралната празнина кај пациенти со фиксни и со мобилни протетски помагала,** во состав проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, проф. д-р Мирјана Поповска и проф. д-р Евдокија Јанкуловска.

Комисијата го прегледа поднесениот магистерски труд и го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Магистерскиот труд под наслов **Состојбата на хигиената во оралната празнина кај пациенти со фиксни и со мобилни протетски помагала** поднесена од д-р Филип Тантуровски е претставен во 8 поглавја: Вовед, Литературен преглед, Цели на трудот, Материјал и метод, Резултати, Дискусија, Заклучок, Користена литература. Сознанијата, резултатите и нивната анализа се прикажани во 67 страници напишан текст, 18 табели, 4 графикони и 9 слики.

**Вовед и преглед на литературата**

Во воведот кандидатот ја покажува важноста на одржување на оралната хигиена како составен дел на целокупната здравствена состојба на пациентите. Кај пациентите со парцијална беззабност, кои се носители на фиксни или мобилни протетски помагала, одржувањето на оралната хигиена мора да биде на повисоко ниво. На овој начин се избегнува можноста за задржување на храна и создавање на дентален плак на предилекционите места, а со тоа појава на дентален кариес и пародонтално заболување на преостанатите природни заби.

Низ богатиот литературен преглед, се проследува важноста на одржување на оралната хигиена во поставување на дијагнозата и планот на терапија кај парцијално беззабните пациенти. Дел од посочените автори низ повеќе годишни студии после прецизни инструкции за одржување на оралната хигиена и за редовни контролни прегледи ја следеле состојбата на оралното здравје кај парцијално беззабни пациенти. Се укажува дека со внимателен план на протетскиот третман, адекватна орална хигиена и хигиена на протетските надоместоци, проверена при секоја посета кај

стоматологот, би се забележале и мали промени на преостанатите природни заби, кои лесно би биле санирани.

**Цел на трудот**

Поставените цели на научноистражувачката работа на магистерскиот труд се:

1. Да се идентификува присуството на дентален плак кај носители на протетски надоместоци (мостовни конструкции изработени од порцелан)
2. Да се идентификува присуството на дентален плак кај носители на протетски надоместоци (мобилни протетски надоместоци – акрилатна плочеста парцијална протеза)
3. Да се идентификува присуството на дентален плак кај носители на протетски надоместоци (мобилни протетски надоместоци – скелетирана парцијална протеза)
4. Да се определи дали оралниот статус во однос на хигиената е подобар кај мобилните протетски надоместоци наспроти фиксните протетски надоместоци
5. Да се добие сознание за влијанието на полот врз одржувањето на хигиената во усната празнина кај носители на протетски помагала
6. Да се добие сознание за влијанието на годините врз одржување на хигиената во усната празнина кај носители на протетски помагала
7. Да се добие сознание во која вилица хигиената е подобра

**Материјал и метод**

Во ова поглавје покажува дека испитувањата се изведени кај парцијално беззабни пациенти носители на протетски помагала и тоа: 20 пациенти кај кои се изработени фиксни протетички конструкции (мостови); 20 пациенти кај кои се изработени мобилни протетички конструкции (акрилатна парцијална протеза) и 20 пациенти кои имаат мобилни протетички конструкции (скелетирана парцијална протеза).

Како метод за работа во изработката на овој магистерски труд се користат 2 индекса: 1. индекс на дентален плак според O'Leary, Drake, Naylor (ODN) (негова визуелна детекција) и 2. плак – индекс според Turesky-Gilmore-Glikman (TGG) со цел да се одреди состојбата на гингивата врз основа на: промената на бојата, присуството на оток и крварење. Со индексот ODN се визуелизира невидливиот дентален плак на цервикалните делови од сите заби и на сите нивни страни. За таа цел забите се премачкуваат со метиленско сино, а потоа пациентите ја плакнат устата со вода. Површините кои остануваа обоени со метиленско сино се местата каде што се задржал денталниот плак. Индексот TGG се одредува на лингвалните и на букалните страни на сите заби, освен на третите молари. Со пребојување на забите се одредува индексот на секоја забна површина. Присуството на дентален плак, во зависност од неговата застапеност на забната површина, според соодветна табела индексирано е од 0 до 5. Изработени се и анкетни листови кои содржат податоци за пациентот, видот и времето на носење на протетското помагало, информации за начинот на одржување на оралната хигиена како и податоци од визуелизација од денталниот плак. На 9 слики прикажана е процедурата од премачкување на забите со метиленско сино, регистрирање на денталниот плак, пополнување на анкетните листови, се до предавање на исчистените протези во устата на пациентите.

## Резултати

Резултатите од испитувањето се прикажани табеларно (18 табели) и на графикони (4 графикони).

Добиените податоци се статистички обработени и се одредени средната вредност, стандардната девијација, стапка на грешка, Студентовиот т-тест и Колмогоров – Смирнов тест. Резултатот од овие два теста е p – вредноста преку која се интерпретира дали има разлика во дистрибуциите.

Резултатите од обработените податоци од испитувањата покажале дека нема статистички значајна разлика во хигиената кај пациентите во однос на: полот, видот на протетското помагало (фиксни – мостови и мобилни протетски помагала- акрилатни и скелетирани парцијални протези), како и во хигиената на горната и долната вилица. Пирсоновиот коефициент на корелација покажува дека нема поврзаност помеѓу хигиената на протетските помагала и возраста на пациентите.

## Дискусија

Во ова поглавје од магистерскиот труд кандидатот ги дискутира и ги споредува резултатите добиени од испитувањето со оние од литературата. Дискусијата на резултатите од ова испитување е направена за правилно информирање и потреба од едукативна програма за правилно одржување на оралната хигиена, вклучувајќи ги и редовните контролни посети кај стоматолог.

Прикажани се резултати од студии кои се во согласност со резултатите добиени со ова испитување дека нема значајни разлики на хигиената кај пациенти носители на фиксни протетски конструкции и пациенти носители на мобилни протетски изработки. Меѓутоа резултатите од некои студии од литературата укажуваат дека хигиената е полоша кај пациенти од машкиот пол, кај пациенти со фикснопротетски конструкции изработени во двете вилици, како и тоа дека помладите пациенти одржуваат подобра орална хигиена во споредба со постарите, со што овие резултати не се совпаѓаат со резултатите добиени со ова испитување.

## Заклучок

Заклучоците на магистерскиот труд се изведени врз основа на добиените резултати од испитувањата, кои покажуваат дека денталниот плак е застапен на високо ниво во усната празнина кај пациенти носители на фиксни протетски помагала (мостови) и кај пациенти носители на мобилни протетски помагала (акрилатни плочести парцијални протези и скелетирани парцијални протези). Нема значајна разлика во однос на хигиената со полот, возраста, видот на протетското помагало кое е носено во уста на пациентите, како и дали е истото во горната или долната вилица.

На крајот од ова поглавје кандидатот дава свое видување за потребата од воведување на едукативна програма за редовно и правилно одржување на оралната хигиена, како и редовни контроли кај стоматологот, за сите пациенти, а особено за пациентите кои во устата имаат протетско помагало.

## Користена литература

Се состои од 66 референции од домашни и странски автори.

## З А К Л У Ч О К

Магистерскиот труд под наслов **Состојбата на хигиената во оралната празнина кај пациенти со фиксни и со мобилни протетски помагала** поднесена од д-р Филип Тантуровски, претставува научно-истражувачка студија на хигиената во оралната празнина кај пациенти носители на протетички помагала. Резултатите добиени од ова испитување укажуваат на актуелноста на оваа проблематика и потребата од што е можно подобро информирање и едукација на пациентите за одржување на правилна орална хигиена, што е од големо значење и за општата здравствена состојба на пациентите.

**Врз основа на ова, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја продолжи процедурата за одбрана на овој магистерски труд.**

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Весна Коруноска – Стевковска**

---------------------------------------------------

**Проф.д-р Мирјана Поповска**

---------------------------------------------------

**Проф. д-р Евдокија Јанкуловска**

---------------------------------------------------